**Општинско основно училиште „Љубен Лапе” - Скопје**

# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

## 2020/2022 ГОДИНА

## ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

### *ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ НА УЧИЛИШТЕТО:*

*Име на училиштето:* „Љубен Лапе”
*Адреса на училиштето*: „Васко Карангелевски“ бр.2
*Телефон / факс:* (+ 3892) 2450 220
*е- маил:* ljuben_lape@yahoo.com

*Директор на училиштето*: м-р Сања Стојанова




## МОТО

## „Ученикот е во центарот на вниманието”

Самоевалуација на ООУ „Љубен Лапе, Скопје“ 2020 – 2022 година

Општинското основно училиште „Љубен Лапе” се наоѓа во општина Аеродром, населба Јане Сандански, кои се дел од градот Скопје. Во минатото, на местото на денешната општина, била мочурлива почва на која подоцна се изградил првиот спортски и воен аеродром во Македонија, па затоа и општината го носи тоа име. Со прелоцирање на аеродромот на друга локација на истото место постепено се формира урбана средина која е дел од градот и станува една од општините со најголем број на жители во Републиката.

*Општината* се простира од железничката станица „Скопје” до Долно Лисиче со површина од околу 20 км². Добрата сообраќајна поврзаност и инфраструктурна опременост ја вбројува во урбана општина со сите перформанси за современо живеење. Во периодот од средината на седумдесетите и осумдесетите години на дваесеттиот век, општината беше со најмногу млади домаќинства.

*Училиштето* е основано од Собранието на Општина Кисела Вода и започнало со работа на 27.6.1986 година со Решение број 08-2358. Првично училиштето беше именувано како „Видое Смилевски - Бато”, а подоцна, на 23.6.1993 година, беше преименувано во ОУ „Љубен Лапе” и успешно работи веќе триесет и шест години.

Основната дејност на училиштето е реализација на воспитно - образовен процес во основно образование. Наставата се одвива на македонски јазик со кирилско писмо. Педагошката евиденција и документација се водат на македонски јазик со кирилско писмо. Наставата се одвива во смени, а се реализира и настава со продолжен престој. Училиштето својата основна дејност ја врши во објект од тврда градба, кој одговара на барањата за изведување на современа настава.

## ПРОСТОРНИ УСЛОВИ

- Училнички простор 1761,60 м2
- Училиштен простор 2612,08 м2
- Училиштниот двор го сочинуваат спортски полигони; игралиште - Мини - Хетрик фудбалско; Училиштен парк во

вкупна површина од 10.275,00 м2.

*Опременоста на училиштето* според критериумите и нормативите ги задоволува условите за изведување на воспитно - образовниот процес во училиштето. Наставата се изведува во училници и кабинети опремени со персонални компјутери или лаптопи. Во училиштето има работилница за техничко образование, спортска сала и училишна библиотека.

Училиштето ги имплементира сите внесени новини во образовниот систем, а наставниците и учениците ги применуваат и усовршуваат своите знаења и компетенции.

Учениците на натпреварите на општинско, градско, републичко и меѓународно ниво покажуваат огромни успеси.

Обезбедениот воспитно - образовен кадар во целост ги задоволува критериумите за реализација на наставата. Од вкупно 72 наставника, 39 се одделенски наставници, а 33 се предметни наставници како и педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатор и библиотекар во стручната служба.

Училиштето има своја химна и амблем.

**Подрачје 1: НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**

| **Бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| 1.1 | Реализација на наставните планови  и програми | ● Применувани наставни планови и програми<br>● Изработување индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби<br>● Избор на наставни предмети<br>● Реализација на проширени програми |
| 1.2 | Квалитет на наставните планови и програми | ● Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала<br>● Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>● Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието<br>● Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми |
| 1.3 | Вонаставни активности | ● Обем на разновидност на планираните и реализираните вонаставни активности<br>● Опфатеност на учениците со вонаставните активности<br>● Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во вонаставните активности<br>● Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонаставни активности |

| **Обработка и анализа на податоци** | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Заклучоци од анализата на податоците** |
| 1.1<br>Наставни планови и програми донесени од МОН; Национални стандарди; годишна програма за работа на училиштето; тематски/тематски процесни планирања на наставниците; акти на училиштето; педагошка евиденција и документација; анкетите со наставниците, родителите и учениците; интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите и учениците; записници од одржани родителски средби; записници од училишниот одбор, советот на родители и стручните органи на училиштето; брошури и интернет-страница на училиштето; програма за работа на ученичката заедница; ИОПи. | Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем по сите задолжителни и изборни предмети. Врз начинот на реализација на наставните планови и програми постојат можности наставниците да влијаат, поради слободата што им е дадена да вршат поместување на теми, според временските услови. Училиштето има воспоставено процедури и користи различни начини да ги информира членовите на Советот на родителите за целите на наставните планови и програми. Годишната програма за работа на училиштето е изготвена од страна на наставниците и педагошко-психолошката служба и во неа се содржани подпрограмите за екологија, програма за примена на ИКТ, програма за МИО, програма за справување со насилството во училиштето и други подпрограми чијшто план се реализира во текот на наставната година. Наставните планови и програми училиштето ги прилагодува преку разни семинари за едукација на наставниците.<br>Наставните планови и програми им се достапни на сите родители и преку консултации може да се запознаат со нивната содржина. Наставниците добиваат поддршка од училиштето за осовременување на наставните програми преку семинари и обуки, вклучување во проекти, јавни-отворени часови, презентирање на посетени семинари на останатите наставници. Наставниците изготвуваат годишни/глобални, тематски/тематско-процесни планирања и дневни планирања/сценарија за час врз основа на наставните планови и програми донесени од МОН со можност за прилагодување, како што беше направено скратување на програмата за учебната 2020/2021 година согласно со одлуката од МОН, поради пандемијата со Ковид 19. Секој наставник со помош на стручната служба изготвува наставна програма за децата со ПОП. Секој наставник континуирано води педагошка евиденција. |

| | |
|---|---|
| 1.2<br>Наставни планови и програми донесени од МОН; самоевалуација на училиштето; годишна програма за работа на училиштето; тематски/тематско процесни планирања на наставниците; нормативни акти на училиштето; педагошка евиденција и документација; анкети со наставници, родители и ученици; интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите и учениците; записници од училишниот одбор, инклузивниот тим, советот на родители и стручните органи на училиштето. | Наставниците ја планираат наставата со вметнати ЕКО и МИО содржини. Адаптирање на содржините за реализација соодветно на наставните предмети. Согласно планот и програмата наставниците ги поучуваат учениците да соработуваат. Училиштето преку формалните органи планира активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од наставниците и од родителите од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност. Постојат повеќе добри примери на соодветно вградени особености на локалната средина во поставените цели од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието и младинското учество. Локалната средина учествува и помага во одредени активности кои треба да се вклучат во наставните планови и програми. Тие се вклучуваат со постојана соработка, на пр.:<br>а) Поликлиника „Јане Сандански” преку предавања за зачувување на здравјето, заштита од болести (меѓу другите и сексуално преносливи болести), правилна исхрана, редовни систематски прегледи и вакцини;<br>б) Општина Аеродром преку посета и информации за нејзината работа;<br>в) МВР спроведува предавања за сообраќајот, насилство, наркоманија и сл.<br>Од областа на граѓанското образование училиштето ги информира учениците за човековите права, детските права и др. Во наставата се опфатени и други теми поврзани со општествената проблематика. |
| 1.3<br>Годишна програма за работа; програми за дополнителна настава и за други воннаставни активности; извештај од реализирани екскурзии; педагошка евиденција и документација; дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари; интервјуа/анкети со наставници, родители, ученици и | Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво. Учениците работат на проекти и самостојно преземаат и реализираат младински иницијативи. Училиштето, за афирмирање на воннаставните активности, соодветно ги користи различните медиуми (на пр. интернет-страница, социјални мрежи, ученичко катче, тв-гостувања и сл.). Сите овие активности подеднакво им се достапни на сите ученици, без оглед на нивната етничка и верска припадност. Учениците со посебни потреби се подеднакво вклучени, како и останатите ученици во воннаставните активности. Со воннаставните активности го афирмираме училиштато во општината. Ученикот добива желба и стимул за да се занимава со |

| | |
|---|---|
| стручните соработници за воннаставни активности; записници од стручни активи и ученичка заедница; список на ученици вклучени во воннаставни активности; увид во интернет-страницата, социјалните мрежи итн. | некое хоби, да учествува на натпревари, корисно да го поминува слободното време и на тој начин училиштето им дава поддршка на учениците за нивниот личен и социјален развој. Нашето училиште редовно учествува на натпревари од различни области. Во рамките на училиштето се реализираат и други манифестации: Ден на планетата Земја, ден на ЕУ, патронен празник, хуманитарни акции и слично. Во училиштето се реализираат и еко активности, на пр. изготвување на мени со здрава храна за учениците со продолжен престој, уредување на училишниот двор, садење на садници и други. |

| **Собирање на податоци преку спроведување прашалници за наставници, родители и ученици** |
|---|
| а. Резултати од спроведените прашалници за наставници:<br><br>Од испитаните наставници, 95% се согласуваат дека наставниците работат според наставните планови и програми и дека планираат активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето. 70.2% целосно се согласуваат, а околу 20% делумно, дека наставниците планираат мултикултурни содржини и содржини со родова и етничка рамноправност на учениците и дека им даваат можност на учениците за избор на изборни предмети. 99% од наставниците се согласуваат дека учениците земаат учество во воннаставни активности, а од нив една третина делумно се согласуваат дека учениците се вклучени во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности. Над 90% од наставниците се согласуваат дека се разработуваат насоки за интегрирање на меѓупредметните цели во планирањето на наставата. 35.1% од испитаните наставници одговориле дека делумно се согласуваат, а 8.8% дека не се согласуваат дека наставниците во соработка со службата (педагог, психолог и специјалниот едукатор и рехабилитатор) изработуваат индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби. 98% од наставниците се согласуваат дека училиштето се афирмира преку учества на натпревари и меѓународни проекти, како и дека родителите и учениците се постојано информирани за наставните планови и програми.<br><br>б. Резултати од спроведени прашалници за родители:<br><br>Од испитаните родители, околу 90% се согласуваат дека наставниците работат според наставните планови и програми, дека родителите се информирани за наставните планови и програми, дека наставниците планираат активности за |

реализација на слободните часови и дека планираат мултикултурни содржини и содржини со родова и етничка рамноправност на учениците. Дури 73.1% целосно се согласуваат дека училиштето се аформира учества на натпревари и меѓународни проекти. 20.9% од родителите се изјасниле дека не знаат дали наставниците имаат разработено насоки за интегрирање на меѓупредметните цели во планирањето на наставата, а дури над половина од испитаниците (50.7%) одговориле дека не се запознаени дали наставниците во соработка со службата (педагог, психолог и специјалниот едукатор и рехабилитатор ) изработуваат индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби. Само 37.3% од родителите се изјасниле дека учениците се вклучени во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности, 19.4% дека не се согласуваат, а 28.4% дека не се запознаени. Од родителите, 56.7% одговориле дека целосно, а 28.4% делумно учениците имаат можност за избор на изборни предмети.

в. Резултати од спроведени прашалници за ученици:

Од анкетираните ученици, над 90% се согласуваат дека наставниците работат според наставните планови и програми, дека наставниците успеваат да спојат цели од различни предмети кога се работи на една одредена тема и дека училиштето се афирмира преку учества на натпревари и меѓународни проекти. Иако скоро половина од учениците (48.9%) целосно се согласуваат дека наставниците планираат слободни ученички активности, 22.2% не се согласуваат. Над 85% (62.2% целосно, а 24.4% делумно) од анкетираните се изјасниле дека наставниците планираат мултикултурни содржини и содржини со родова и етничка рамноправност на учениците. Повеќе од една третина од учениците се изјасниле дека не се запознаени дали наставниците во соработка со службата (педагог, психолог и специјалниот едукатор и рехабилитатор) изработуваат индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби. Иако 55.6% од учениците се изјасниле дека родителите и учениците се постојано информирани за наставните планови и програми, 13.3% се изјасниле дека не се согласуваат.

| **Анализа на резултатите - определување клучни силни и слаби страни, како планирање на идни активности** |
|---|
| **Клучни силни страни на училиштето според резултатите на самоевалвацијата:**<br>● Наставните планови и програми одобрени од МОН целосно се реализираат.<br>● Наставниците редовно ги изработуваат годишните - глобални, тематско-процесни планирања и дневните планирања/сценарија за час.<br>● Наставниците планираат мултикултурни содржини и содржини со родова и етничка рамноправност на учениците.<br>● Наставниците планираат активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето.<br>● Училиштето се афирмира преку учества на натпревари и меѓународни проекти.<br>● Учениците имаат можност за избор на изборни предмети.<br><br>**Клучни слаби страни на училиштето според резултатите на самоевалвацијата:**<br>● Недоволна информираност на родителите за соработката на наставниците и службата (педагог, психолог и специјалниот едукатор и рехабилитатор)  при изработувањето индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби.<br>● Недоволна вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во вонаставните активности.<br><br>**Идни активности во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:**<br>● Поголема помош и поддршка од стручните соработници во планирањето на наставата.<br>● Поголема вклученост на учениците при планирањето на вонаставните активности. |

**Подрачје 2: ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 2.1 | Постигнувања на учениците | • Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди<br>• Подобрување на постигнувањата на учениците<br>• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развој<br>• Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава<br>• Следење на хоризонталното и на вертикалното движење<br>• Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците |
| 2.2 | Задржување/осипување на учениците | • Опфат на учениците<br>• Редовност во наставата<br>• Осипување на учениците<br>• Премин на ученици од едно училиште во друго |
| 2.3 | Повторување на учениците | • Ученици што не ја завршуваат годината/образованието |

| Обработка и анализа на податоци | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Заклучоци од анализата на податоците** |
| 2.1.<br>Училишни програми и извештаи; самоевалуација; записници од стручни органи на училиштето, училишниот одбор, советот на родители; извештаи од стручните соработници; споредбени прегледи од резултатите од оценувањето; резултати од меѓународни, национални, градски, државни, училишни натпревари; анализи на успехот; анкети/интервјуа со наставници, родители и ученици; досиеја на ученици (за деца со посебни потреби се води ИОП, портфолио); програма за дополнителна и додатна настава; портфолио за напредокот на ученикот. | Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување. Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици може да се подобрат. Врз основа на увидот во актуелните постигнувања на учениците, училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигнувањата на учениците. Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок. Наставниците обезбедуваат поддршка на учениците што имаат потешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците што покажуваат интерес и постигнуваат значителни резултати во одделни области, како и индивидуализирана настава. |
| 2.2<br>Програми за работа на училиштето; извештаи на училиштето; список на деца од реонот на училиштето што треба да се запишат во прво одделение во основно образование (од надлежните служби од општината); преглед на запишани | Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Има изградена политика за запишување на ученици од реонот. Училиштето има воспоставен систем за прибирање податоци за опфатот на ученици при преминот од основно во средно образование. Училиштето има изграден систем на вклучување на претходно осипани ученици или ученици повратници во наставниот процес. Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство |

| | |
|---|---|
| ученици според реонизацијата на општината; потребна документација за упис, анализите на опфатот, осипувањето и изостанувањето од наставата; интервју со директорот, стручните соработници и наставниците; увид во педагошката евиденција и документација; известувања на училиштето до надлежните органи (МОН, Државен/општински просветен инспектора и Центарот за социјални работи); записници од средби со родители и локалната самоуправа; евиденција на заминати или новодојдени ученици (преводници и др.); покани за советување; записници од одржани советувања со родителите; известувања до Центарот за социјални грижи и до надлежен орган. | од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите, локалната самоуправа и со граѓанските организации за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Училиштето ги реализира советувањата на родителите, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Училиштето континуирано го следи осипувањето на учениците. Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно-образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. |
| 2.3<br>Годишен извештај за успехот на училиштето во учебните 2020/2021 и 2021/2022 година; увид во педагошка евиденција и документација; записник од Наставнички совет; закон за основно образование | Во нашето училиште нема ученици кои ја повторуваат учебната година. Сите ученици (100%) ја завршуваат учебната година, односно образовниот циклус. За тоа сведочат анализите од последните годишни извештаи, каде што не се појавува ученик што ја повторувал годината. Доколку некој ученик не е задоволен од постигнатиот успех по одделни предмети има право да поднесе приговор, согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето. |

| **Собирање на податоци преку спроведување прашалници за наставници, родители и ученици** |
|---|
| а. Резултати од спроведените прашалници за наставници:<br><br>Од испитаните наставници, дури 93.5% се изјасниле дека училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот. 91.3% од испитаниците одговориле дека целосно се согласуваат дека училиштето редовно ги информира родителите и учениците за редовноста, активноста и постигањата на учениците во учењето и активностите кои се преземаат за подобрување на истото. За време на пандемијата, 69.6% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, а 26.1% делумно, дека училиштето ги анализира причините за отсуство од онлајн настава и настава со физичко присуство и навреме презема активности што обезбедуваат зголемување на редовноста. Над 90% од наставниците се согласуваат дека училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус на образование, како и по завршување на основното образование. Скоро третина од испитаните наставници (30.4%) се изјасниле дека не се согласуваат дека училиштето има услови во него да учат деца со посебни образовни потреби (има обучен кадар и има подготвеност за прифаќање меѓу учениците, наставниците и родителите). Над половина од испитаниците (56.5%) само делумно се согласуваат дека аставниците посетуваат обуки вклучувајќи и обуки за работа со деца со посебни образовни потреби и внесуваат новини во наставниот процес. Во однос на комјутеризацијата во училиштето, 34.8% делумно се согласуваат, а 32.6% не се согласуваат, дека училиштето има компјутери што се користат во наставата и во вонnаставните активности со цел обезбедување подобри услови за работа на наставниците и учениците и поефикасна реализација на наставните содржини. Скоро 100% од наставниците се согласуваат дека училиштето практикува јавно и редовно да ги истакнува и пофалува учениците кои постигнале резултати при учество во вонnаставните активности, како и дека наставниците држат додатна и дополнителна настава.<br><br>б. Резултати од спроведените прашалници за родители:<br><br>Од испитаните родители, 71.8% се изјасниле дека целосно се согласуваат, а 11.3% делумно, дека училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот. Над 90% од испитаните родители се согласуваат дека училиштето редовно ги информира родителите и учениците за редовноста, активноста и постигањата на учениците во учењето и активностите кои се преземаат за подобрување на истото. Во однос на онлајн наставата, 60.6% целосно, а 16.9% делумно, се согласуваат дека училиштето ги анализира причините за отсуство од онлајн настава и настава со физичко присуство и |

навреме презема активности што обезбедуваат зголемување на редовноста. Дури 28.2% од испитаниците одговориле дека не се запознаени дали училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус на образование, како и по завршување на основното образование. Над половина од испитаниците (54.9%) изјавиле дека не се запознаени дали во училиштето има услови во него да учат деца со посебни образовни потреби (има обучен кадар и има подготвеност за прифаќање меѓу учениците, наставниците и родителите), а 15.5% не се согласуваат воопшто. 63.4% од родителите изјавиле дека не се запознаени дека наставниците посетуваат обуки вклучувајќи и обуки за работа со деца со посебни образовни потреби и внесуваат новини во наставниот процес. Над третина од испитаниците (38%) изјавиле дека не се согласуваат дека училиштето има компјутери што се користат во наставата и во воннаставните активности со цел обезбедување подобри услови за работа на наставниците и учениците и поефикасна реализација на наставните содржини. 75% од родителите се согласуваат дека училиштето практикува јавно и редовно да ги истакнува и пофалува учениците кои постигнале резултати при учество во воннаставните активности. Околу 60% од родителите се согласуваат дека наставниците реализираат додатна и дополнителна настава.

в. Резултати од спроведените прашалници за ученици:

Од испитаните ученици, 80% се изјасниле дека целосно се согласуваат, а 14.3% делумно, дека училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот. Сите ученици се согласуваат дека училиштето редовно ги информира родителите и учениците за редовноста, активноста и постигањата на учениците во учењето и активностите кои се преземаат за подобрување на истото. Во однос на онлајн наставата, 57.1% целосно, а 22.9% делумно, се согласуваат дека училиштето ги анализира причините за отсуство од онлајн настава и настава со физичко присуство и навреме презема активности што обезбедуваат зголемување на редовноста. Дури 31.4% од испитаниците одговориле дека не се запознаени дали училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус на образование, како и по завршување на основното образование. Дури 42.9% изјавиле дека не се запознаени дали во училиштето има услови во него да учат деца со посебни образовни потреби (има обучен кадар и има подготвеност за прифаќање меѓу учениците, наставниците и родителите), а 8.6% не се согласуваат воопшто. 54.3% од учениците изјавиле дека не се запознаени дека наставниците посетуваат обуки вклучувајќи и обуки за работа со деца со посебни образовни потреби и внесуваат новини во наставниот процес, додека пак 40% се согласуваат. 31.4% изјавиле дека не се согласуваат дека училиштето има компјутери што се користат во наставата и во воннаставните активности со цел обезбедување подобри услови за работа на наставниците и учениците и поефикасна реализација на наставните содржини. 77.1% од учениците се согласуваат дека училиштето практикува јавно и редовно да ги истакнува и пофалува учениците кои постигнале резултати при учество во воннаставните активности. Над 75% од учениците се согласуваат дека наставниците реализираат додатна и дополнителна настава.

| Анализа на резултатите - определување клучни силни и слаби страни, како планирање на идни активности |
|---|
| **Клучни силни страни на училиштето според резултатите на самоевалвацијата:**<br><br>● Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот.<br>● Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за редовноста, активноста и постигањата на учениците во учењето и активностите кои се преземаат за подобрување на истото.<br>● Училиштето практикува јавно и редовно да ги истакнува и пофалува учениците кои постигнале резултати при учество во воннаставните активности.<br>● Во училиштето редовно се изведува дополнителна и додатна настава по сите предмети.<br>● Во училиштето се анализираат причините за отсуство од онлајн настава и настава со физичко присуство и навреме се преземаат активности што обезбедуваат зголемување на редовноста.<br>● Реализација настава со смарт табли.<br><br>**Слаби страни на училиштето според резултатите на самоевалвацијата:**<br><br>● Недоволна и повремено неисправна компјутерска техника во наставата и воннаставните активности.<br>● Училиштето не е доволно физички достапно за вклученост на децата со физички пречки во развојот.<br>● Училиштето има недоволен просторен капацитет за прием на сите ученици од реонот.<br><br>**Идни активности во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:**<br><br>● Зголемување на информираноста на родителите за воннаставните активности, за практикување на инклузивноста од страна на училиштето и вклучување на децата со пречки во развојот.<br>● Училиштето ќе се стреми да обезбеди поголем просторен капацитет за прием на сите ученици од реонот.<br>● Осовременување на наставата со зголемен број на смарт табли, проектори и функционални компјутери. |

**Подрачје 3: УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 3.1 | Планирања на наставниците | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Индивидуални планирања на наставниците<br>• Размена на искуства и на информации при планирањето<br>• Распоред на часови |
| 3.2 | Наставен процес | • Наставни форми и методи<br>• Употреба на ИКТ во наставата<br>• Избор на задачи, активности и на ресурси<br>• Приодот на наставникот кон учениците<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>• Следење на наставниот процес<br>• Изведување практична обука на учениците кај работодавачите |
| 3.3 | Искуства на учениците од учењето | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за превземање одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓу себе<br>• Учење во реални работни услови кај работодавач |
| 3.4 | Задоволување на потребите на | • Идентификување на образовните потреби на учениците |

| | | |
|---|---|---|
| | учениците | ● Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| 3.5 | Оценувањето како дел од наставата | ● Училишна политика за оценување<br>● Методи, форми и инструменти на оценување<br>● Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| 3.6 | Известување за напредокот на учениците | ● Известување на родителите за напредокот на учениците |

| **Обработка на податоци** | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Заклучоци од анализата на податоците** |
| 3.1.<br>Годишни, тематски планирања/тематско-процесни планирања и оперативен план за наставен час; планирања за додатна, дополнителна настава, вонаставни активности, слободни часови/ проектни активности; пропишана/договорена интерна процедура за планирањата и следење на планирањата на наставниците; евидентни листови/инструменти за следење на | При изготвување на своите тековни планирања од различен вид и обем наставниците консултираат официјални, соодветни документи од МОН, како и документи на ниво на училиште, разменуваат лични стручни искуства при планирањето со цел истото да е во функција на поквалитетен наставен процес. Истовремено наставниците перманентно следат и црпат додатни информации од стручна литература, семинари, средби и разговори со советници чија компетенција,заедно со онаа на наставниците повторно е во функција на поквалитетна, современа настава преку изготвување на планови и програми со јасни цели, определена временска рамка богата со соодветни наставни форми, методи и средства кои ги следат современите тенденции и обезбедуваат можност за поцелисходна интеракција во процесот на стекнување знаења. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски |

| | |
|---|---|
| планирањата на наставниците; записници од разговорите со директорот, стручните соработници, наставниците; записници од состаноци на стручните активи; други докази за кореспонденција; инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовките на наставни часови; записници од средби на инклузивниот тим со активи и наставници; извештаи од следење на планирањата; распореди за реализација на наставни и вонннаставни активности | документи од МОН. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем по сите задолжителни и изборни предмети**.** Во начинот на реализација на наставните планови и програми постојат можности наставниците да влијаат, поради слободата што им е дадена да вршат одредени минимални отстапки, поместување на теми, според сопствено видување за поголема ефикасност и целисходност на наставниот процес. Училиштето има воспоставено процедури и користи различни начини да ги информира членовите на Советот на родителите за целите на наставните планови и програми. Годишната програма за работа на училиштето е изготвена од страна на наставниците и стручната служба и во неа се содржани подпрограмите ИКТ и други подпрограми чиј што план се реализира во текот на наставната година. Наставните планови и програми училиштето ги адаптира и врз основа на сознанијата од разни семинари за едукација на наставниците. Наставните планови и програми им се достапни на сите родители и преку консултации може да се запознаат со нивната содржина. Наставниците добиваат поддршка од училиштето за осовременување на наставните програми преку семинари и обуки, вклучување во проекти, јавни-отворени часови, десеминација на посетени семинари на останатите наставници. Наставниците изготвуваат годишни глобални, тематски планирања и дневни планирања врз основа на наставните планови и програми донесени од МОН со можност за прилагодување. Секој наставник континуирано води педагошка евиденција и документација. Наставниците планираат  активности во рамките на стручните активи и самостојно  разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ и други проекти и податливи содржини, консултирање со колеги од други стручни активи и сродни предмети, имаат посета на отворени часови, работилници, дисиминација на интерни и екстерни семинари, обработка на стручни теми и друго. Сето тоа во функција на стручно усовршување на наставниот кадар. Сите наставници, за реализација на наставните планови и програми, имаат изготвени глобални, годишни, месечни, тематски планирања и на почетокот од секоја учебна година ги доставуваат до стручната служба, која ги проверува и ги доставува до директорот на училиштео. Дневните планирања се сработуваат или во е – верзија или во пишана форма, а некои наставници паралелно ги користат и двата начина.  Истите се следат од страна на стручната служба и се прегледуваат дневниците на паралелките. Наставниците  редовно пишуваат дневни подготовки за |

| | |
|---|---|
| | час. Планирањата на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Јасно се утврдени целите на наставата, очекуваните исходи од учењето, како и наставните методи и форми на работа. Исто така, во планирањата се вклучени и различни методи на оценување - имплементација на формативно оценување, особено во предметна настава и нагласени се и инструменти преку кои се спроведува оценувањето. Информациите добиени од оценувањето наставниот кадар ги користи за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Поддршката од директорот и стручната служба е преку насочување, следење, анализирање на работата на вработените, поттикнување за професионален развој, поддршка во создавање подобри услови за работа преку снабдување на наставни средства и помагала, стручна литература, интерни и екстерни стручни усовршувања, снабдување дополнителни материјали за поефикасна настава. Распоредот на часови го прави наставник во консултација со стручната служба и наставниците. Се внимава и на распоредот по физичко и здравствено образование во одделенска настава, бидејќи голем е бројот на паралелки во истата, а секоја има по 3 часа седмичен фонд од споменатиот предмет, кој би требало да се реализира во училишната фискултурна сала и евентуално на училишното спортско игралиште, кога тоа го дозволуваат временските услови! Сите наставници имаат интегрирани еколошки содржини и точки на акции од воспоставените еко-стандарди во индивидуалните планирања согласно еколошката програма. |
| 3.2.<br>Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час; инструмент за следење и вреднување на изведбата на наставниот час; инструмент за следење и вреднување на водењето и текот на наставниот час; инструмент за следење и | Наставниците во своите планирања и при реализацијата на наставниот процес планираат и применуваат соодветни наставни форми и методи, ИКТ и современа наставна технологија, како и соодветни задачи и расположливи ресурси во функција на поголем квалитет на наставата. Образовните програми изобилуваат со содржини кои се во функција на различни наставни подрачја, а наставниците се доволно оспособени за реализацијата на наставата со ИКТ. Веќе од четврто и петто одделение учениците имаат и посебен предмет за работа со компјутери. Во сите училници има по еден компјутер за потребите на наставата. Компјутерите најчесто немаат некои дополнителни делови (пр.звучници) кои исто така се потребни при |

| | |
|---|---|
| вреднување за воспоставување клима во паралелката; инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците; инструмент за следење и вреднување на комуникацијата на наставникот со учениците; годишни, тематски, дневни планирања; програма за учење преку работа; програма за работа на директорот/ стручните соработници; анкети/интервјуа со наставниците и со учениците; професионално досие на наставникот; | реализацијата на ИКТ наставата. Наставниците се оспособени за примена на ИКТ и инвентивни и современи образовни технологии, но генералниот недостаток на истите во голема мерка влијае на реализацијата. За реализација на новата образовна концепција која е осовремена со е-учебници како и е-наставни содржини,се наметна потребата од осовременување на наставниот процес преку наставни средства и помагала како смарт табли и проектори.Со истите постепено се опремени дел од училниците и овој тренд треба да продолжи. Наставниците во нашето училиште важат за стручни и компетентни во својата работа и особено водат сметка, како на својот однос со колегите и родителите, така уште повеќе на односот и приодот кон учениците. Истиот го прилагодуваат на нивната возраст, емоционалниот, психо-физичкиот потенцијал и знаењата на учениците. Воедно се води сметка и на индивидуалните потреби на учениците и се настојува на изготвување индивидуализирани планови и програми и реализирање ваков вид на настава. Исто така се поттикнува интеракцијата помеѓу наставниците и учениците во севкупниот воспитно-образовен процес, како и онаа помеѓу учениците преку најразлични проекти и друг вид активности каде е неопходна тимската работа. Наставниците се следени од директорот, психолошко-педагошката служба, од страна на советници од БРО и од страна на ДПИ. Работата и постигањата на наставниците се оценува преку посета на часови. Наставниот процес се следи од страна на директорот и стручната служба, преку отворените часови, следење на наставните и воннаставните активности, записниците од одржаните родителски средби, записите од одржаните индивидуални средби, постигнатите успеси на натпревари, водењето на педагошка евиденција и документација, редовното и перманентното усовршување на интерни и екстерни обуки и семинари, организирањето и учеството на работилници и стручни активи. Сите резултати од оценувањето на наставниците се користат за професионалното досие на наставникот, во планирањето на професионалниот развој на наставниците и во давањето поддршка на нивните потреби поврзани со ВОП и тоа преку: испраќање на интерни и екстерни советувања, обуки и семинари, организирање на интерни обуки во училиштето, снабдување со стручна литература. Информациите од оценувањето се важни заради понатамошно усовршување и унапредување на наставниот кадар и во крајна линија подигнување на квалитетот на наставата. Имајќи предвид дека највисокото ниво на знаењето воопшто, е истото да е во |

| | |
|---|---|
| | функција на неговата практична примена во секојдневието. За време на Ковид пандемијата, наставата се реализираше комбинирано, онлајн на Microsoft Teams и со физичко присуство. |
| 3.3.<br>Педагошка документација на училиштето - приложени планови во училиштето: глобални, годишни, тематско-процесни, месечни, дневна подготовки/сценарија за час; разговор со ученици - претставници на паралелките во ученичката заедница, детската организација, подмладокот на Црвениот крст, родителите, наставниците; кодекс за однесување на учениците; куќен ред на училиштето; одделенски е-дневници; записници од состаноци на Ученичка заедница и Совет на родители; библиотечна картотека; пофалници, дипломи, благодарници; фотографии, слики; изложби на ученички трудови; проектни активности, макети, модели, литературни и ликовни творби - конкурси интерни и екстерни; учество на натпревари, во медиуми (видео и аудио записи); прашалници за наставници, родители, ученици; увид на заедничкиот училиштен простор. | Наставниците водат сметка средината и атмосферата за учење да бидат прилагодени кон потребите,можноста и возраста на учениците. Во вонредни услови за време на Ковид-пандемијата се наметна и потребата за прилагодување на средината за учење на оптимално растојание заради заштита од Ковид-19, значи адаптирање на бројот на учениците во една паралелка и обезбедување на минимум простор за секое дете според здравствените препораки. Инаку, што се однесува до лицата, ученици со посебни потреби, исто така треба да се направат поголеми напори за што посеопфатна нивна адаптација (пр.стручни соработници, технички-просторни услови, адаптирани приоди не само кон влезот на училиштето туку и до останатите простории во училиштето и сл.). Училиштето нуди солидна средина за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен; со охрабрувања од страна на наставниците се повеќе се мотивираат што поголем број ученици да земаат активна улога во самиот час и други активности зависно од сопствените афинитети. Сите ученици, без оглед на полот, националноста, етничката, верската припадност, социјалното потекло, нивните афинитети, вештини, умеења, знаења, се мотивирани од страна на наставниците, преку пофалби, награди, натпревари, квизови, додатни активности, слободни активности, како и проектни активности. Мотивирачки за учениците е и тоа што на видно место во училиштето се истакнуваат изработките на учениците. Учениците сметаат и дека училиштето низ организирани форми на поттикнување, мотивирање, натпреварување, остварува солидна соработка меѓу самите ученици без никаква родова поделеност. Чести се појавите кога посолодните ученици им помагаат на послабите со успех ученици, без оглед на пол и етничка припадност. Учениците учествуваат и успешно работат и на проекти како во самата настава така и надвор од неа, особено во проекти кои ги нуди локалната самоуправа но и во различни други интерни и екстерни проекти. Одделенските и класните раководители, предметните наставници и стручната служба ги поттикнуваат |

| | |
|---|---|
| | учениците да ја зголемат својата креативност, да превземаат одговорности, да размислуваат самостојно и активно да се вклучуваат во учењето преку проектни активности, дискусии, дебати и истражувачки работи, преку кои се стекнуваат со поголема самодоверба и почит од своите наставници, родители и соученици и се самоафирмираат воедно афирмирајќи го училиштето во пошироки рамки.Тоа исто така важи и за учеството на учениците во различен вид натпревари, квизови, соработка со медиуми и сл. Учениците сметаат дека имаат можност да го искажуваат своето мислење и тоа да биде сериозно земено во предвид при решавањето проблеми и одлучувањето во реализација на различни проекти и точки на акции. |
| 3.4.<br>Анкети со ученици; записниците од разговорите со ученичката заедница, родителите, наставниците; записници од инклузивните тимови; увид во ученичките досиеја; увид во евиденцијата на стручните соработници; програма за работа и извештаи на ученичката заедница; посета на наставни часови; извештаи од следење на наставата во училиштето. | Задоволувањето на потребите на учениците во основа се поклопува со наведеното во предходните теми произлезени од критериумот „Искуство на учениците од учењето“. Имено секое дете има различни интереси, знаења, афинитети, потенцијали, па според тоа и различни потреби. Наставниот кадар и стручните соработници систематски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување. Најголем број наставници во соработка со стручните соработници и инклузивниот тим во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни способности да постигнат оптимален личен развој. Наставниците изработуваат ИОПи (индивидуални образовни планови) за деца со ПОП (посебни образовни потреби), а наставниците, доколку налагаат потребите од такво нешто, ги имплементираат во својата работа. Во нашето училиште наставниците планираат и реализираат дополнителна и додатна настава. |

| | |
|---|---|
| 3.5.<br>Програма за работа на училиштето; распоред за додатна и дополнителна настава; списоци на ученици; правилник за оценување и напредување на учениците; интерен правилник за оценување; стандарди за оценување; увид во педагошката евиденција и документација; користените инструменти за оценување; примери на оценети ученички трудови; извештаи од стручни соработници за следени планирања; записници од инклузивниот тим; записници од стручните активи, наставничкиот совет; анкети/интервјуа со учениците и наставниците, родителите и со инклузивниот тим; евиденција на наставниците за остварените средби и соработката со родителите; интерни акти/кодекси на училиштето; инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците. | Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето има дефинирана политика за оценување во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето на ниво на стручни активи има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознаени. Сите наставници изготвуваат и користат сопствени критериуми со утврдени стандарди за оценување на учениците според образовните потреби, кои се усогласени со критериумите за оценување на ниво на училиште. Годишните оценки се сумативни и произлегуваат од формативното оценување во текот на годината. Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигнувањата. Наставникот ги оценува постигнувањата на учениците со пречки во развојот во согласност со целите во индивидуалниот оперативен план, во соработка со инклузивниот тим на училиштето. Наставниците целосно ги користат информациите добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава. |

| | |
|---|---|
| 3.6.<br>Увид во педагошката евиденција и документација; анкети и интервјуа со родителите; записници од инклузивниот тим; евиденција на наставниците за остварените средби и соработката со родителите; интерни акти/кодекси на училиштето; инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците. | Родителските совети и родителските средби (одржани или онлајн или со физичко присуство) редовно се евидентираат со записници во нашето училиште. Ваквите средби, состаноци со родителите се особено значајни во севкупниот воспитно-образовен триаголник (наставник, родител, ученик) бидејќи се одржува и интензивира соработката, комуникацијата и размената на идеи и информации. Исто така со родителите се одржуваат и чести индивидуални или групни средби по нивно или по барање на наставникот. На ваков начин родителите добиваат информации пред се за успехот и дисциплината или други поинакви информации за сопственото дете, но и информации од други важни училишни сфери на училишното работење и вклученост на учениците во нив. Училиштето и наставниците се транспарентни и конкретни при известувањето, но и подготвени да ги вклучат сугестиите од родителите таму каде што тоа е возможно и во согласност со училишните норми. На родителите им се нудат и стручни сугестии за подобрување на постигнувањата на учениците и информации за постигнувањата на учениците на ниво на паралелка, како и пишани извештаи и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето. Родителите даваат своја повратна информација. Родителите на децата со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот предвиден во ИОП и со нивно учество се ревидираат целите што треба да се постигнат. Училиштето има воспоставено процедури и користи различни начини да ги информира членовите на Советот на родителите за целите на наставните планови и програми како и со други тековни а битни прашања поврзани со училишното работење. Наставниците исто така, ги запознаваат родителите со наставните планови и програми според кои се реализира наставата во одредена паралелка-генерациски обично на првата родителска средба на почетокот од учебната година. |

**Собирање на податоци преку спроведување прашалници за наставници, родители и ученици**

а. Резултати од спроведените прашалници за наставници

Сите испитани наставници одговориле дека разменуваат искуства и информации при планирање на наставата. Од испитаниците, 98% одговориле дека во процесот на наставата наставниците редовно планираат ИКТ часови и користат современи наставни форми, методи и средства со кои го поттикнуваат процесот на стекнување нови знаења кај учениците и нивната мотивација. 100% од испитаниците се согласуваат дека наставниците избираат соодветни задачи, активности и ресурси со цел подобрување на квалитетот на наставата и учењето, дека приодот на наставникот кон учениците вообичаено е приспособен на возраста, како и на емоционалните и севкупните психо-физички карактеристики и способности на учениците, дека постои добра интеракција меѓу наставниците и учениците. 98% од наставниците одговориле дека преку најразлични проекти и домашни задолженија наставниците настојуваат да ја поттикнат свеста кај учениците за преземање одговорност за сопствените постапки и  резултати од учењето и дека меѓусебната интеракција на учениците се поттикнува преку заедничката работа, работа во групи, тимови на самите часови но и праку изработка и учество на учениците на проекти на кои работат дома. Сите испитаници се согласуваат дека известувањето на родителите за напредокот на учениците се врши редовно на родителските и индивидуалните средби со родителите, преку е-дневникот, евидентните листи и сл.

б. Резултати од спроведените прашалници за родители

Скоро 70% од испитаните родители се изјасниле дека наставниците разменуваат искуства и информации при планирање на наставата, додека пак 18.2% не се согласуваат. Од испитаниците, 45.5% одговориле дека делумно се согласуваат со тврдењето дека во процесот на наставата наставниците редовно користат современи наставни форми, методи и средства со кои го поттикнуваат процесот на стекнување нови знаења кај учениците и нивната мотивација, а 33.3% целосно се согласуваат. Една четвртина од испитаните родители, 24.2%, изјавиле дека не се запознаени дека наставниците планираат и реализираат ИКТ часови. Над 85% од испитаниците се согласуваат дека наставниците избираат соодветни задачи, активности и ресурси со цел подобрување на квалитетот на наставата и учењето и дека приодот на наставникот кон учениците вообичаено е приспособен на возраста, како и на емоционалните и севкупните психо-физички карактеристики и способности на учениците, како и дека постои добра интеракција меѓу наставниците и учениците. 54% од родителите целосно се согласуваат, а 36.4% делумно, дека наставниците ги приспособуваат средината и атмосферата за учење според потребите, можностите и возраста на учениците. Над 96% од родителите одговориле дека преку најразлични проекти и домашни задолженија наставниците настојуваат да ја поттикнат свеста кај учениците за преземање одговорност за

сопствените постапки и резултати од учењето и дека меѓусебната интеракција на учениците се поттикнува преку заедничката работа, работа во групи, тимови на самите часови но и праку изработка и учество на учениците на проекти на кои работат дома. 87.9% целосно се согласуваат дека известувањето на родителите за напредокот на учениците се врши редовно на родителските и индивидуалните средби со родителите, преку е-дневникот, евидентните листи и сл.

в. Резултати од спроведените прашалници за ученици

96% од испитаните ученици се изјасниле дека наставниците разменуваат искуства и информации при планирање на наставата. Од испитаниците, 40.9% одговориле дека делумно се согласуваат со тврдењето дека во процесот на наставата наставниците редовно користат современи наставни форми, методи и средства со кои го поттикнуваат процесот на стекнување нови знаења кај учениците и нивната мотивација, а 22.7% не се согласуваат. 40.9% целосно се согласуваат, а 45.5% делумно, дека наставниците планираат и реализираат ИКТ часови. Над 80% од испитаниците се согласуваат дека наставниците избираат соодветни задачи, активности и ресурси со цел подобрување на квалитетот на наставата и учењето и дека приодот на наставникот кон учениците вообичаено е приспособен на возраста, како и на емоционалните и севкупните психо-физички карактеристики и способности на учениците, како и дека постои добра интеракција меѓу наставниците и учениците. 50% од учениците целосно се согласуваат, 22.7% делумно, а 18.2% не се согласуваат дека наставниците ги приспособуваат средината и атмосферата за учење според потребите, можностите и возраста на учениците. 68.2% од испитаните ученици целосно се согласуваат, а 22.7% не се согласуваат дека преку најразлични проекти и домашни задолженија наставниците настојуваат да ја поттикнат свеста кај учениците за преземање одговорност за сопствените постапки и резултати од учењето. Сите ученици се согласуваат дека меѓусебната интеракција на учениците се поттикнува преку заедничката работа, работа во групи, тимови на самите часови но и праку изработка и учество на учениците на проекти на кои работат дома. 86.3% од учениците се согласуваат дека известувањето на родителите за напредокот на учениците се врши редовно на родителските и индивидуалните средби со родителите, преку е-дневникот, евидентните листи и сл.

| **Анализа на резултатите - определување клучни силни и слаби страни, како планирање на идни активности** |
| --- |
| **Клучни силни страни на училиштето според резултатите на самоевалвацијата**<br><br>● Наставниците разменуваат искуства и информации при планирањето.<br>● Во процесот на наставата наставниците редовно планираат ИКТ часови и користат современи наставни методи.<br>● Наставниците ја поттикнуваат соработката меѓу учениците преку проекти и тимска работа<br>● За време на пандемијата, наставата успешно се реализираше со комбиниран модел - онлајн и со физичко присуство.<br>● Наставниците продолжија да предаваат преку разни електронски платформи во соработка со сите чинители во образовниот процес.<br>● Приодот на наставниците е приспособен на возраста, како и на емоционалните и севкупните психо-физички карактеристики и способности на учениците.<br>● Наставниците редовно ги известуваат родителите за напредокот на учениците.<br><br>**Слаби страни на училиштето според резултатите на самоевалвацијата:**<br><br>● Недостиг на целосно соодветни услови за непречена примена на ИКТ во наставата.<br><br>**Идни активности во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:**<br><br>● Набавка на поголем број компјутери и други современи и иновативни наставни технологии во училиштето. |

**Подрачје 4: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 4.1 | Севкупна грижа за учениците | ● Заштита од физички повреди и од елементарни непогоди<br>● Превенција од насилство<br>● Заштита од пушење, алхохол и од дрога<br>● Квалитет на достапна храна<br>● Поддршка на учениците со пречки во развојот/ физичка попреченост<br>● Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| 4.2 | Здравје | ● Хигиена и заштита од болести<br>● Грижа за учениците со здравствени проблеми<br>● Грижа за учениците со емоционални тешкотии |
| 4.3 | Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | ● Давање помош при избор на занимање/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување |
| 4.4 | Следење на напредокот | ● Водење  евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>● Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

| Обработка на податоци | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Заклучоци од анализата на податоците** |
| 4.1.<br>Програмата за работа на директорот; програмата за работа на стручните соработници; записниците од индивидуалните разговори со учениците и со родителите; увидот во педагошката евиденција, увидот во просторните капацитети и увидот на час; упатствата на училиштето за формите и методите што ги користи; податоците за организирана исхрана на учениците; интервјуата со наставниците, родителите и учениците; евиденцијата и известувањата од училиштето за учениците со емоционални, физички и социјални проблеми; досието на ученикот; годишната програма за работа на училиштето; програма за работа на тимот за инклузија и акционен план; програма за контрола на квалитетот на храната; програма на тимот за намалување на насилството во училиштето; записниците од одржаните | Училиштето обезбедува заштита на учениците во просториите и ходниците на училиштето преку редовни дежурства и контролирање на лицата кои влегуваат во училиштето при што се запазуваат Ковид мерките. Наставниците ги упатуваат учениците да внимаваат на потенцијално опасните места и ги учат како да се однесуваат во нивна близина. Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор и истите ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорите, струјните места, дворот и итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Дел од наставниците се сертифицирани за давање прва помош при несреќни случаи во училиштето. Исто така, има и интерен правилник за заштита од пожари, експлозии, опасни материи и други елементарни непогоди како и за спасување на луѓето и имотот. Училиштето води сметка да го санкционира физичкото и психичкото насилство и да ги едуцира учениците за негативните последици од истото. Вработените ја знаат својата улога и одговорноста во процесот на заштита на децата и водат грижа за нивните права и достоинство. За таа цел соработуваат меѓусебно, со родителите, стручните соработници, а по потреба и со релевантни институции. Ретките конфликти кај учениците кои се јавуваат во училиштето се надминуваат преку разговорите со одделенските раководители, родителите, стручните соработници, предметните наставници и други институции. Училиштето ги открива и дава известување за учениците кои се вклучени во конфликтни ситуации и има воспоставено соработка со Меѓуопштинскиот центар за социјални грижи, Заводот за ментално здравје и полицијата. Училиштето се стреми кон |

| | |
|---|---|
| состаноци. | превенција од цигари, дрога и алкохол. Учениците добиваат многубројни информации за штетноста по организмот од употребата на пороците преку текстови и предавања од стручни лица. Преку систематските прегледи училиштето добива податоци за здравствената состојба на учениците. Учениците во училиштето добиваат топол оброк и ужина за чии квалитет се води посебна грижа со тоа што редовно (повеќе пати во едно полугодие) примероци од храната се испитуваат од надлежна институција. Користејќи соодветни наставни содржини наставниците им обрнуваат посебно внимание за здрава исхрана на учениците. Училиштето има обезбедено пристап за деца со телесни пречки во развојот. Училиштето ги открива и дава известување за децата со посебни потреби, односно со пречки во физичкиот и менталниот развој. Стручната служба според собраните информации (медицински белешки, разговори со родителите на децата со посебни потреби) ги насочува и упатува наставниците во нивната понатамошна работа со тие деца. Се организираат дискусии на кои се расправа за унапредување на психо - физичкиот развој на децата, како и за нивната социјализација. Во училиштето постои и тим за инклузија кој вредно работи на унапредување на работата со децата со посебни потреби, како и на организација на обуки за наставниците. Училиштето им излегува во пресрет на децата кои потекнуваат од социјално загрозени семејства во однос на неплаќање на обезбедување и организира акции за собирање на облека и храна и парични средства. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Протоколите за постапување доследно се реализираат и се применуваат. Училиштето води евиденција за појавните форми на насилство. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и навремено се известуваат и се соработува со Центрите за социјални работи, Министерството за внатрешни работи и здравствените установи. |

| | |
|---|---|
| 4.2.<br>Годишна програма за работа на училиштето; куќен ред; правилник за организација и систематизација на работата и работните места; записници од органите на училиштето; записници од надлежните органи за контрола на хигиената и здравјето на учениците; записници од инклузивниот тим; записник од дезинфекција, дезинсекција и дератизација; потврда за примени вакцини; списоци од систематски прегледи на вработените и учениците; санитарни книшки на вработените; педагошка психолошка евиденција; педагошка евиденција и документација; досие на ученик и увидот во училишниот простор; увид во училиштен двор. | Училиштето води сметка за промовирање на физичка и ментална хигиена на учениците. Од систематските прегледи се врши увид во развојот на учениците и нивното здравје. Наставниците постојано ја нагласуваат важноста на одржувањето на личната хигиена, како и на чистота на околината, а учениците неретко слушаат предавања и од стручни медицински лица но внимание се посветува на децата со посебни потреби и доколку се јави потреба, наставниците им помагаат на децата со посебни потреби во одржувањето на нивната лична хигигиена. Училиштето има изготвен план за следење на систематски и стоматолошки прегледи и редоно вакцинирање на учениците. Води сметка за учениците со здравствени проблеми, за кои се информира преку нивните медицински белешки и разговори со родителите / старателите на тие деца. На учениците поради заболување или посериозни повреди кои подолго време отсуствуваат од настава им даваме можност за проверување на знаењата. Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми (развод на родителите, болест во семејството, трауми од конфликти и насилство во семејството). Стручните соработници се обучени да им помогнат на учениците и на родителите во вакви ситуации или да ги упатат до релевантните институции (здравствени установи, центар за социјална работа, полиција, граѓански здруженија итн.). |
| 4.3.<br>Записници од работилниците; записници од родителски средби; анкетирање и интервјуа со учениците и со родителите; информации подготвени од стручните соработници и пласирани преку достапни медиуми на училиштето; програма за професионална ориентација на учениците; флаери; предавања; записници од состаноци на | Училиштето води сметка да ги насочува учениците во однос на нивното понатамошно образование преку професионално информирање. Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование. За таа цел организира сопствени активности, користење промотивни материјали од образовните институции (флаери, трибини, презентации од државните и приватни средни училишта на град Скопје, посета на отворени денови на средни училишта и др.) за професионална информација и ориентација на учениците. Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование по завршување на основно образование опфаќа широк спектар на добро структурирани пристапи: на пр. самооценување на вештините и интересите на учениците, помош во изработка на кратка биографија - CV, редовно информирање на родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во |

| | |
|---|---|
| инклузивниот тим. | училиштето преку пишани и усни соопштенија од страна на одделенскиот раководител и стручните соработници. Во училиштето се даваат прашалници за утврдување на професионалните интереси на учениците и се применуваат тестови за општи и специфични способности кои помагаат во професионалното ориентирање на учениците. Исто така се водат индивидуални и групни разговори со учениците пред запишувањето во средно образование при што се насочуваат согласно покажаните знаења и одредени способности кои ги поседуваат. За учениците кои не се определени за избор на занимање се организира советување и со нивните родители. |
| 4.4.<br>Извештаи и анализи; педагошка евиденција и документација; евиденција на премин на ученици (преведници и др.); записници од разговорите со наставниците и со стручните соработници. | Наставниците го забележуваат напредокот на учениците преку употребата и внесот на податоци во нивните портфолија и одделенскиот дневник. За напредокот на учениците наставниците често се советуваат со стручните соработници. Класните и одделенските раководители одржуваат редовни и навремени родителски средби на кои ги известуваат родителите/старателите на учениците за тековните прашања, нивните оцени и поведението. Советувањето на родителите продолжува да се реализира и оваа година и подразбира средби на училишниот психолог со родителите/старателите во однос на слабите оцени, поведението и изостаноците. Се работи на изнаоѓање соодветен и продуктивен начин да се подобри успехот и поведението на учениците преку советување на родителите, кои треба да изнајдат начин за решавање на настанатата ситуација. Наставниците пружија поддршка за учениците и во однос на совладување на наставата, но и на емоционален план заради пандемијата на Ковид-19. |

| **Собирање на податоци преку спроведување прашалници за наставници, родители и ученици** |
| --- |
| а. Резултати од спроведените прашалници за наставници<br><br>Од испитаните наставници, 80% се согласуваат, а 13.3% не се запознаени, дека во училиштето има обучен кадар за заштита од пожари и други елементарни непогоди и обучен кадар за давање прва помош на ученици при несреќен случај. 40% од испитаните наставници целосно се согласуваат, 33.3% делумно, а 22.2% не се запознаени дали има обезбедено ПП апарати, внатрешни и надворешни хидранти, громобрани и истите се сервисирани. Од испитаните наставници, 66.7% целосно се согласуваат, а 28.9% делумно се согласуваат дека училиштето води грижа за однесувањето на учениците и возрасните во превенција од насилство, води евиденција за појавените форми на насилство и има изработено кодекс за ненасилно однесување на учениците и наставниците и истиот е достапен до сите субјекти. Над 90% од наставниците се согласуваат дека во училиштето се реализирааат предавања од внатрешните и надворешни стручни лица за заштита од штетни влијанија на пушењето, алкохолот и наркотични средства. 57.8% од наставниците целосно се согласуваат, а 33.3% делумно се согласуваат дека училиштето има разработен систем (инклузивен тим) за идентификување и работа со ученици со пречки во развојот/физичка попреченост, ученици со здравствени проблеми и емоционални потешкотии. Од испитаните наставници, 46.7% делумно се согласуваат, а 17.8% воопшто не се согласуваат дека во училиштето редовно се чистат тоалетите, ходниците, фискултурната сала, а се води и редовна дезинфекција, дератизација. Над 90% од испитаниците одговориле дека на учениците поради заболување или посериозни повреди кои подолго време отсуствуваат од настава, училиштето им дава можност за проверување на знаењата, во соработка со нивните родители, здравствените установи, центарот за социјална работа и др. Скоро сите испитани наставници одговориле дека училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за понатамошното образование и дека се води целосна и уредна евиденција за постигнувањата и напредокот на учениците, присутност, поведение и евиденција на изречени воспитни мерки.<br><br>б. Резултати од спроведени прашалници за родители<br><br>Од испитаните родители, дури 75.6% се изјасниле дека не се запознаени дали училиштето има обучен кадар за заштита од пожари и други елементарни непогоди и обучен кадар за давање прва помош на ученици при несреќен случај. Понатаму, 68.3% одговориле дека не се запознаени дали училиштето има обезбедено ПП апарати, внатрешни и надворешни хидранти, громобрани и истите се сервисирани. Од испитаните родители, 32.9% целосно, а 30.5% делумно се согласуваат дека училиштето води грижа за однесувањето на учениците и возрасните во превенција од насилство, води евиденција за појавените форми на насилство и има изработено кодекс за ненасилно однесување на учениците и наставниците и истиот е |

достапен до сите субјекти. 65.9% се изјасниле дека не знаат дали во училиштето се реализирааат предавања од внатрешните и надворешни стручни лица за заштита од штетни влијанија на пушењето, алкохолот и наркотични средства. Половина од испитаниците одговориле дека не се запознаени дали училиштето има разработен систем (инклузивен тим) за идентификување и работа со ученици со пречки во развојот/физичка попреченост, ученици со здравствени проблеми и емоционални потешкотии и дали на учениците поради заболување или посериозни повреди кои подолго време отсуствуваат од настава, училиштето им дава можност за проверување на знаењата, во соработка со нивните родители, здравствените установи, центарот за социјална работа и др. 63.4% целосно и 22% делумно се согласуваат дека во училиштето се води целосна и уредна евиденција за постигнувањата и напредокот на учениците, присутност, поведение и евиденција на изречени воспитни мерки.

в. Резултати од спроведените прашалници за ученици

Од испитаните ученици, половина од нив се изјасниле дека не се запознаени дали училиштето има обучен кадар за заштита од пожари и други елементарни непогоди и обучен кадар за давање прва помош на ученици при несреќен случај, дали се обезбедени противпожарни апарати, внатрешни и надворешни хидранти, громобрани и истите се сервисирани, дали во училиштето се реализирааат предавања од внатрешните и надворешни стручни лица за заштита од штетни влијанија на пушењето, алкохолот и дрогата, и дали чилиштето има разработен систем (инклузивен тим) за идентификување и работа со ученици со пречки во развојот/физичка попреченост, ученици со здравствени проблеми и емоционални потешкотии. 50.8% од испитаните ученици целосно, а 22% делумно се согласуваат дека училиштето се труди да спречи меѓуврсничко насилство и има кодекс за ненасилно однесување. Дури 35.6% од испитаниците се изјасниле дека училиштето нередовно се чистат тоалетите, ходниците и фискултурната сала. 28.8% одговориле дека се согласува дека на учениците поради заболување или посериозни повреди кои подолго време отсуствуваат од настава, училиштето им дава можност за проверување на знаењата, во соработка со нивните родители, здравствените установи, центарот за социјална работа и др., а 39% не се запознаени. Истиот процент, 39%, од испитаниците одговориле дека не се запознаени дали училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за понатамошното образование. Од испитаниците, 72.9% се изјасниле дека во училиштето се води целосна и уредна евиденција за постигнувањата и напредокот на учениците, присутност, поведение и евиденција на изречени воспитни мерки.

**Анализа на резултатите - определување клучни силни и слаби страни, како планирање на идни активности**

**Клучни силни страни на училиштето според резултатите на самоевалвацијата:**

- Училиштето има план за следење на систематските и стоматолошките прегледи и редовното вакцинирање на учениците.
- Наставниците подготвуваат и водат целосна и уредна евиденција за постигнувањата и напредокот на учениците.
- Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по тримесечја за својата паралелка.
- Соработката меѓу наставниците, педагошко-психолошката служба, класните/предметните наставници и родителите за постигнувањата на учениците е на високо ниво.
- Училиштето води грижа за однесувањето на учениците и возрасните во однос на превенцијата од насилство и има кодекс на однесување.
- Наставниците пружија поддршка на учениците во воспитно-образовниот процес за време на светската пандемија на Ковид-19.
- Училиштето има разработен систем (инклузивен тим) за идентификување и работа со ученици со пречки во развојот/физичка попреченост, ученици со здравствени проблеми и емоционални потешкотии.
- Во училиштето се реализирааат предавања од внатрешните и надворешни стручни лица за заштита од штетни влијанија на пушењето, алкохолот и наркотични средства.
- Училиштето води грижа за однесувањето на учениците и возрасните во превенција од насилство, води евиденција за појавените форми на насилство и има изработено кодекс за ненасилно однесување на учениците и наставниците и истиот е достапен до сите субјекти.

**Слаби страни на училиштето според резултатите на самоевалвацијата:**

- Отсуство на симулации за евакуации од пожар и елементарни непогоди.
- Родителите и учениците не се запознаени дека во училиштето има обучен кадар за заштита од пожари  и обучен кадар за давање прва помош на ученици при несреќен случај.
- Хигиената во тоалетите и снабденоста со продукти за хигиена не се запазени на највисоко ниво.

**Идни активности во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:**

- Да се зголеми информираноста на родителите за различните видови подршка што училиштето им ја дава на

учениците преку разни начини: веб страната на училиштето, огласни табли, информирање на Совет на родители, родителски средби, пишани документи, флаери, соопштенија, комуникација преку електронска пошта преку кои ќе се популаризираат сите видови активности кои ги спроведува училиштето.

- Подобрување на хигиената во училиштето.
- Честа организација на симулации за евакуации од пожари и елементарни непогоди.
- Организирање на обуки за прва помош
- Набавка на повеќе ПП апарати

**Подрачје 5: УЧИЛИШНА КЛИМА**

| **Бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| 5.1 | Училишна клима и односи во училиштето | ● Углед/имиџ на училиштето<br>● Почитување на куќниот ред во училиштето<br>● Однос помеѓу вработените и родителите<br>● Однос помеѓу наставниците и учениците<br>● Одржување на позитивна атмосфера во училиштето<br>● Работна атмосфера и грижа за учениците<br>● Вклученост на учениците во процесот на донесување одлуки и решавање на проблеми |
| 5.2 | Промовирање на постигнувањата | ● Систем на вредности во училиштето и наградување на постигнувањата на учениците<br>● Мотивирање на наставниот кадар и учениците за натпреварување и успеси на натпревари на локално, регионално, државно и на меѓународно ниво<br>● Можност за изразување на креативните потенцијали на учениците |
| 5.3 | Еднаквост и правичност | ● Остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата<br>● Еднаквост и правичност за сите ученици<br>● Политика на меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество<br>● Препознавање и справување со конкретни ситуации поврзани со комуникација, толеранција, стереотипи, предрасуди, дискриминација од страна на учениците |
| 5.4 | Партнерски однос со родителите и деловната и бизнис заедницата | ● Вклученост на родителите во образованието на своите деца<br>● Информираност на родителите за работата на училиштето преку Советот на родители и претстваниците од одделенијата |

| | | |
|---|---|---|
| | | ● Соработка на училиштето со другите заинтересирани учесници во образованието од локалната заедница, на пр. локалните стопански организации, фабрики, културни центри, итн. |

| **Обработка на податоци** | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Заклучоци од анализата на податоците** |
| 5.1.<br>Кодекс на однесување; анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; статут на училиштето; куќен ред на училиштето; пофалби, награди, признанија и др.; програма и правилник за работа на ученичката заедница; записници од советувања; записници од состаноци со ученичката заедница; решение за формирање на ученичка заедница и ученички парламент; досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки) | Училиштето е препознатливо според високиот квалитет на работа и постигања на учениците, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Раководниот кадар, стручната служба, наставниците, учениците и родителите преку меѓусебна соработка се трудат да го подигнат  угледот на училиштето во што несомнено и успеваат. Наставниот кадар ужива почитување кај родителите и учениците. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се прецизни, јасни и насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците. Најголем број од наставниците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и работат на остварување на истите. Во остварувањето на целите училиштето ги информира и другите субјекти (родителите, локалната заедница) и истите ги третира како рамноправни партнери за заеднички успех и просперитет. При одредувањето на стратегијата за идни активности, училиштето преку анкети, интервју и непосредни контакти добива мислење од вработените, родителите и учениците, а потоа заеднички се дефинираат приоритетите за подобрување на работењето. Училиштето има демократски избрана ученичка заедница која учествува во решавањето проблеми и донесување одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. Преку ученичката заедница и |

| | |
|---|---|
| | ученичкиот парламент учениците активно учествуваат во застапувањето и промовирање на правата и интересите на учениците. Тие се присутни на Наставничките совети, како и на состаноците на Советот на родители. Училиштето има кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето. Кодексот е изработен со учество на претставници на сите засегнати за животот во училиштето, а неговото усвојување е низ транспарентна процедура. |
| 5.2<br>Годишна програма за работа на училиштето; изложени трудови на учениците; паноа со пофалби, награди; примери на промовирани активности во медиумите за постигнувањата на учениците; записници од интервјуа со наставници и со стручни соработници, ученици, родители; промотивни материјали за активности; правилник за избор на првенец на генерацијата; педагошка евиденција; соопштенија до медиумите; интернет-страница, социјални мрежи и др; | Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат на натпревари од различно ниво и притоа постигнуваат одлични резултати. Училиштето ги промовира личните постигнувања на учениците. Промоцијата се врши преку електронските медиуми (Фејсбук страна на училиштето, Интернет страна), локални печатени и електронски медиуми, на манифестации по повод Патрониот празник на училиштето и сл. Наставниците ги мотивираат учениците активно да земат учество на натпревари, слободни активности, настапи на одредени манифестации, така што добивањето награди, признанија и пофалби претставуваат мотив за учениците за понатамошни учествува на такви активности. Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат на натпревари од различно ниво и притоа постигнуваат одлични резултати. Во училниците и на училишните паноа по холот на училиштето се изложени изработки на учениците, нивни трудови, пофалници, дипломи и награди. Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните активности и успеси. |
| 5.3<br>Самоевалуација за работата на училиштето 2018/2020; анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците; статут на училиштето; пофалби, награди, и признанија на учениците; годишна програма за работа на училиштето; | Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Постои професионална соработка меѓу вработените, (наставниците, стручната служба, директорот) учениците и нивните родители. Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето на добра и работна атмосфера во училиштето. Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло, индивидуалните способности и кога се работи за активности на часот и активности надвор од часот. |

| | |
|---|---|
| конвенција за права на децата; педагошка евиденција и документација за вклученоста на учениците во воннаставните активности; училишни политики и проекти за меѓуврсничко насилство, антикорупција, и сл.; критериуми и процедури за избор на ученик на генерација. | Сите ученици без оглед на способностите, родот, етничката припадност и потеклото се чувствуваат безбедни и прифатени во училиштето. Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на учениците. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста и се залага за соработка и еднаквост на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Училиштето го прифаќа и промовира мултикултурализмот. Наставниците во своите годишни програми доставаат и план за спроведување на мултикултура на часовите.Во нашето училиште има мал дел ученици и од различни етнички заедници. Училиштето е дел од проектите на МОН за промовирање и спроведување на активности за мултикултурализмот и во согласност со тоа учениците се воспитуваат и образуваат со примена на мултикултурализам во наставата. Училиштето организира заеднички наставни и воннаставни активности, како што се: приредби, прослави и тематски секции посветени на традицијата и културата. |
| 5.4<br>Самоевалвација за работата на училиштето 2018/2020; интервјуа со наставниците и со стручните соработници, учениците, и родителите; извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби; статут на училиштето; интернет- страница на училиштето; договор со деловната заедница; решение за именување на членовите на училиштен одбор; про-екти на училиштето во функција на развивање на практичните вештини на учениците; записници и одлуки од состаноците на Училишен одбор; постоење виртуелни и реални ученички компании; план за | Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и заеднички родителски средби и приемни денови, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставници на родителите во Училишен одбор. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се: целите, организацијата, идните активности и нивото на постигнувања на учениците се јасни, разбирливи и им се достапни на сите родители во пишана форма. Училиштето успешно ги усогласува своите цели со целите на државната и локалната образовна политика. Исто така училиштето развива успешни и цврсти врски со локалната и бизнис заедницата. Целите на развојното планирање се јасни и прецизни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето. При поставување на целите се вклучени наставниците, родителите, учениците, претставници на локална самоуправа и бизнис заедницата која што е активна во Општината Аеродром. Училиштето има план за реализација на поставените цели и доследно ги спроведува. Училиштето има план и за следење и евалуација на реализацијата на горе наведените активности. Ги информира наставниците, родителите и учениците |

| | |
|---|---|
| организирани контакти и преписки со деловната заедница; организирани трибини, дебати, предавања со родителите и со претставниците на деловната заедница; документација за добиени спонзорства и донации; записници од ученички парламент; | за динамиката на нивно реализирање и постигнатите резултати. |

| **Собирање на податоци преку спроведување прашалници за наставници, родители и ученици** |
|---|
| а. Резултати од спроведениот прашалник за наставници:<br><br>Од испитаните наставници, над 95% се согласуваат дека училиштето е препознатливо според многу добар квалитет на работење и постигнувањата на учениците во различни области, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Учениците, родителите и вработените ги почитуваат усвоените правила на однесување на училиштето за време на пандемија. Од испитаниците, 66.7% целосно се согласуваат, а 26.2% делумно, дека училиштето има политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и на меѓународно ниво. 40.5% делумно се согласуваат, а дури 19% не се согласуваат дека училиштето има развиен систем за наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците-ментори што помогнале во тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето. Во училиштето се почитуваат правата на децата. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата и обезбедува еднаквост и правичност за сите ученици, без разлика на пол, способности, верска и национална припадност. Над 90% од испитаните наставници се согласуваат дека учениците знаат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со комуникација, толеранција, стереотипи, предрасуди, дискриминација и др., како и дека училиштето ги поттикнува родителите да соработуваат со наставниците и да се вклучат во образованието на нивните деца. Скоро сите испитаници се согласуваат дека чилиштето бара мислење и согласност од родителите кога станува збор за активностите што ги финансираат родителите. 54.8% целосно се согласуваат, а 38.1% делумно, дека односот помеѓу наставниците, родителите и учениците се базира на заемно почитување.<br><br>б. Резултати од спроведениот прашалник за родители: |

Од испитаните родители, сите се согласуваат дека училиштето е препознатливо според многу добар квалитет на работење и постигнувањата на учениците во различни области, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето и дека учениците, родителите и вработените ги почитуваат усвоените правила на однесување на училиштето за време на пандемија. Од испитаниците, 66.7% целосно се согласуваат, а 28.6% делумно, дека училиштето има политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и на меѓународно ниво. 47.6% делумно се согласуваат, дури 9.5% не се согласуваат, а 19% не се запознаени дали училиштето има развиен систем за наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците-ментори што помогнале во тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето. Во училиштето се почитуваат правата на децата. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата и обезбедува еднаквост и правичност за сите ученици, без разлика на пол, способности, верска и национална припадност. Над 95% од испитаните родители се согласуваат дека учениците знаат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со комуникација, толеранција, стереотипи, предрасуди, дискриминација и др. Од испитаните родители, 47.6% делумно се согласуваат, а 14.3% не се согласуваат дека училиштето ги поттикнува родителите да соработуваат со наставниците и да се вклучат во образованието на нивните деца. Скоро сите испитаници се согласуваат дека училиштето бара мислење и согласност од родителите кога станува збор за активностите што ги финансираат родителите, како и дека односот помеѓу наставниците, родителите и учениците се базира на заемно почитување.

в. Резултати од спроведениот прашалник за ученици:

Од испитаните ученици, над 93% се согласуваат дека училиштето е препознатливо според многу добар квалитет на работење. Над 87% од учениците се согласуваат дека учениците, родителите и вработените ги почитуваат усвоените правила на однесување на училиштето за време на пандемија. Околу 85% од испитаниците се согласуваат дека училиштето ги поттикнува учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и на меѓународно ниво. Дури 28.1% од испитаните ученици не се согласуваат дека училиштето ги наградува учениците што постигнале успех и наставниците-ментори што помогнале во тоа, а 18.8% не се запознаени. Над 96% се согласуваат дека во училиштето се почитуваат правата на децата, како дека училиштето обезбедува еднаквост и правичност за сите ученици, без разлика на пол, способности, верска и национална припадност. 43.8% целосно се согласуваат дека учениците знаат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со комуникација, толеранција, стереотипи, предрасуди, дискриминација и др. Над 90% од учениците се согласуваат дека училиштето ги поттикнува родителите да соработуваат со наставниците и да се вклучат во образованието на нивните деца, а 94% се согласуваат дека училиштето бара мислење и согласност од родителите кога станува збор за активностите што

ги финансираат родителите. 71.9% целосно се согласуваат, а 25% делумно се согласуваат дека односот помеѓу наставниците, родителите и учениците се базира на заемно почитување.

**Анализа на резултатите - определување клучни силни и слаби страни, како планирање на идни активности**

**Клучни силни страни на училиштето според резултатите на самоевалвацијата:**

- Училиштето одлично води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот.
- Училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот и го поттикнува учеството на учениците и родителите во училишниот живот.
- Училиштето има еднаков и правичен третман на сите ученици независно од пол, етничка припадност и социјално потекло.
- Училиштето води особена грижа за учениците од социјално загрозените семејства. Секогаш кога постои можност, училиштето обезбедува материјални средства или друг вид на помош преку надворешна финансиска подршка или преку интерни хуманитарни акции.
- Целите на училиштето целосно се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Сите релевантни субјекти се вклучени во процесот на остварување на целите.
- Училиштето им обезбедува на учениците советодавна помош при изборот на училиште за понатамошното образование.
- Кодексот на однесување во училиштето го почитуваат сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители).
- Училиштето води грижа за одржување на редот и дисциплината, кои се на високо ниво.

- Наставниците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците

- Наставниците ги поттикнуваат и подготвуваат учениците за учество на разни домашни и меѓународни натпревари.

**Клучни слаби страни на училиштето според резултатите на самоевалвацијата:**

- Отсуство од правилник за наградување на ученици и нивните наставници-ментори за постигнати успеси на домашни и меѓународни натпревари, конкурси и манифестации.
- Пристапот во училиштето на учениците со телесни пречки во развојот е достапен само во училниците и тоалетите на приземје.

**Идни активности во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:**

- Донесување училишен правилник за наградување на ученици и нивните наставници-ментори за постигнати успеси на домашни и меѓународни натпревари, конкурси и манифестации.
- Инсталација на лифт за овозможување непречен пристап на персоналот, родителите и учениците кои имаат реална физичка потреба за тоа.

**Подрачје 6: РЕСУРСИ**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 6.1 | Сместување и просторни капацитети | • Просторни услови<br>• Искористеност на просторните капацитети |
| 6.2 | Наставни средства и материјали | • Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>• Училишна библиотека<br>• Потрошен материјал<br>• Училишна реална или виртуелна компанија<br>• Училишни работилници за практична обука опремени со машини, уреди, апарати и алати |
| 6.3 | Обезбедување на потребниот наставен кадар | • Број на вработени и соодветност на наставниците и стручните соработници<br>• Ефективност и распоредување на кадарот<br>• Стручните соработници како поддршка на наставниот кадар |
| 6.4 | Следење на развојните потреби на наставниот кадар | • Професионален и кариерен развој на наставниците |
| 6.5 | Финансиско работење во училиштето | • Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |

| Обработка на податоци | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Заклучоци од анализата на податоците** |
| 6.1.<br>Годишна програма за работа; план/програма за развој на училиштето; записници од просветната и санитарната инспекција; распоред на часови; распоред по училници, паралелки/групи и смени за организирање настава; полугодишен и годишен извештај; записници од работата на стручните активи; интервјуа со наставниците; пристапни рампи, простор во училница, ходници, фискултурна сала, училиштен двор за движење со количка. | Училишнот објект е од типот тврда градба со вкупна корисна површина од 2612м2. Училиштето располага со 29 адекватни училници од кои дел се кабинети по предметите: техничко образование, информатика, физика, хемија, историја, географија, биологија, музичко образование и ликовно образование. Училиштето располага и со фискултурна сала со соблекувални, библиотека, административни простории за директор, секретар, педагог, психолог, дефектолог, домаќин, наставничка канцеларија и кујна со трапезарија. Училиштето обезбедува продолжен престој – целодневна настава за учениците. Санитарните јазли како и кујната и трпезаријата со кои располага училиштето се реновирани и модернизирани. Училиштето има ПТТ врска и интернет мрежа, сопствен разглас, обезбедена противпожарна заштита (хидранти и ПП апарати), посебен приод до училиштето за инвалидизирани лица, паркинг простор за велосипеди, прочистувачи на воздух и помошни излези во случај на евакуација. Училиштето има централно парно греење, но нема систем за разладување, освен во 3 административни канцеларии. Училишниот двор е со површина од 10275 м2 и истиот го сочинуваат зелени површини, спортски полигони и Мини - Хетрик фудбалско игралиште и инклузивно игралиште. Спортските терени, кои се во склоп на училишниот двор се со површина од 1138 м2. ООУ „Љубен Лапе“ - Аеродром, Скопје нема подрачни училишта. Сите капацитети се користат оптимално, но заради континуираното зголемување на бројот на ученици се јавува итна потреба за зголемување на училничките капацитети за да се обезбеди прифаќање на сите деца од реонот и за унапредување на квалитетот на наставата. |

| | |
|---|---|
| 6.2<br>Документација на училиштето за набавување стручна литература и наставни помагала; увид во библиотечната евиденција; анкета со учениците; документација за планирани и набавени потрошни материјали; самоевалуација на училиштето и планот/програмата за развој на училиштето; интерни акти, полугодишен и годишен извештај, годишната програма; записници од стручните активи; регистар за училишна компанија; увид во училишните работилници, машините, уредите, апаратите и алатите за практична обука; пописни листи. | Согласно нормативот за нагледни средства, опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е на задоволително ниво. Наставните средства и помагала се обновуваат и надополнуваат. На почетокот на учебната година, преку анкетирање на наставниците, се утврдуваат потребите за наставни средства и помагала и соодветно на тоа и согласно со буџетските средства се вршат набавки на истите. Училиштето располага со географски и историски карти, микроскопи, музички инструменти, материјали за практична работа, енциклопедии, ЛЦД проектори, персонални компјутери, лап-топ компјутери, печатари, скенери, ТВ приемници, радио – касетофони, фотокопир, мултифункционални печатари, нагледни средства (бројалки, слагалки, сликовници, ѕидни украси, манипулативи и др.), спортски реквизити и други наставни помагала за поквалитетна реализација на наставата. Училишната библиотека располага со повеќе од 12000 примероци на книги: лектирни изданија, енциклопедии, стручна литература и литература на англиски јазик. Лектирниот фонд континуирано се збогатува согласно наставната програма и насоките од БРО. Библиотекарот е одговорен за набавка и распределба на бесплатните учебници кои ги обезбедува МОН за учениците, набавка на списанија, но и за изготвување на извештаи за потребите на училишната библиотека, со цел збогатување и унапредување на наставниот процес. Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал кој е потребен за реализација на наставните и воннаставните активности по пат на строго утврдени законски договорни и тендерски постапки. |
| 6.3<br>Досиеја на вработени; акт за организација и систематизација на работните места; записник од разговорот со директорот и со наставниците; годишна програма за работа на училиштето; програми за работа на стручните соработници; извештај од работата на стручните | Во воспитно-образовниот процес на училиштето се вклучени 72 наставници, директор и 4 стручни соработници: педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор и библиотекар. Сите наставници и стручни соработници имаат соодветна стручна подготовка, согласно законот за ЗОО/ЗСО и според нормативите на наставен кадар. Стручните соработници, согласно својата програма за работа, активно учествуваат во наставниот процес во планирање и организација на наставата, како и при следење на успехот на учаниците, континуирана поддршка на учениците и родителите како и при работа со ученици со ПОП. Училиштето има позитивна пракса на соработка меѓу колегите за пренесување на искуства од |

| | |
|---|---|
| соработници; записници од стручните активи; програма и извештаи на наставниците ментори; записници од работата на инклузивниот тим. | воспитно образовната дејност, но и за работа со наставници – приправници од страна на наставници – ментори. Наставниот кадар и стручните соработници професионално се усовршуваат со посета на обуки кои ги организираат Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука и приватни образовни компании и институции. Согласно потребите за професионално усовршување на наставниот кадар и расположливите буџетски средства, училиштето организира и интерни обуки реализрани од страна на надворешни обучувачи, но и од страна на наставници кои посетиле извесна обука, пренесувајќи го стекнатото знаење на останатите вработени. Училиштето има стручни соработници што им даваат поддршка на наставниците во реали-зација на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош за работа со учениците и за работа со деца со посебни образовни потреби. Стручните соработници во своите програми за работа планираат и спроведуваат разновидни активности за подобрување на соработката на учениците и наставниците. Во училиштето има проекти кои се планираат иреализираат од страна на наставниците и стручните соработници. Тековни проекти на кои активно се работи се:<br>- Антикорупциска едукација на учениците<br>- Меѓуетничка интеграција во образованието<br>- Училиште на 21 век<br>- Интеграција на еколошката едукација во македонското образование<br>- Проекти и проектни активности во рамките на Еразмус плус и Е-твининг платформата за соработка на наставниците, како и учество во меѓународни проекти. Работата на наставниците и стручните соработници се следи преку соодветно изготвени инструменти за вреднување на исполнувањето на работните должности. За работата на наставниците мислење даваат директорот и советник – инспектор по извршен увид од посета на час, интерна самоевалуација и оцени по завршени интегрални проверки. Вработените го почитуваат работното време. Во училиштето се спроведува електронско евидентирање на работното време со персонални картички. |

| | |
|---|---|
| 6.4<br>Годишна програма за работа на училиштето; интерни акти; разговори со стручните соработници, наставниците и со директорот; лични планови за професионален развој; програма за професиона-лен развој на наставниот кадар; професионално досие на наставник/стручен соработник; извештај од самоевалуација; програма за работа на менторот и нововрaботениот во текот на учебната година; анкети на училиштето за професионален развој на кадарот; листи од спроведените интерни обуки. | Личниот и професионалниот развој на наставниците се следи преку нивното професионалното досие и се развива преку следење на семинари, обуки, учества на конференции, дисеминации на обуки организирани од училиштето. Тимот за професионален развој изготвува програма за професионален развој за учебната година врз основа на потребите на наставниците. Исто така училиштето редовно ги упатува наставниците и стручните соработници да посетуваат обуки и семинари кои се одобрени од МОН и БРО. Се вршат редовно десиминации на обуките и семинарите со кои се запознаваат и едуцираат и наставниците кои не биле на обуката или семинарот. Директорот и стручната служба континуирано во текот на годината вршат посета и набљудување на часовите. Стручната служба го следи професионалниот развој на наставниците, нивното присуство на обуки, семинари и конференции, а истите се евидентираат во Професионалното досие на наставниците. Наставникот - ментор е ментор на наставникот – приправник и изготвува програма за менторство и ја следи работата на приправникот, споделува искуства со цел за олеснување на процесот на учење, но и заедничко изнаоѓање на соодветни решенија за сите предизвици во работата. |
| 6.5<br>Финансиски план, развојниот план/програма и годишната програма за работа; записници од разговори со директорот, одговорните лица, наставниците, училишниот одбор, инклузивниот тим; записниците и одлуките на училишниот одбор; записници од разговорите со советот на родители и ученичката заедница; записници од разговори со тимот за меѓуетничка интеграција; склучените договори, тендери за јавни набавки; понудите; | Финансиското работење на училиштето се контролира преку Училишниот одбор. На состаноците на Училишниот одбор се носи предлог за годишен финансиски план, кој го усвојува основачот на училиштето – Општината Аеродром. Училиштето има изготвен план за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки и Правилникот за вршење на набавки од мала вредност кои ги следи и спроведува Комисија за јавни набавки именувана од директорот, а потврдена со гласање од Наставничкиот совет. Училиштето има усвоен извештај на пописните комисии и усвоена завршна сметка. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор. Училиштето покрај буџетските и општинските средства обезбедува и сопствени средства преку издавање на дел од постоечките капацитети: фискултурна сала и училници кои ги закупуваат надворешни лица и компании со кои е склучен договор после спроведена постапка (тендерска постапка, наддавање и слично). Училиштето ги информира органите и телата за училишниот буџет и трошење преку седници на Училишниот одбор, Наставничкиот совет и Советот на родители, при што за |

| | |
|---|---|
| записници од Ревизија и Управата за јавни приходи; програмата на ученичката заедница; записници од ученичкиот парламент. | финансиското работење на училиштето можат да се информираат сите вработени, родителите и локалната заедница. |

| **Собирање на податоци преку спроведување прашалници за наставници, родители и ученици** |
|---|
| а. Резултати од спроведените прашалници за наставници<br><br>Од испитаните наставници, 42.5% одговориле дека делумно се согласуваат, а дури 20% дека не се согласуваат дека училишниот простор е оптимално искористен и во него има пријатни просторни услови за непречено одвивање на наставата. 37.5% од испитаните наставници делумно се согласуваат, а дури 30% не се согласуваат дека големината на училниците, вклучувајќи ја и салата за физичко образование, соодветствува на бројот на учениците во паралелките. 90% од испитаните наставници се согласуваат дека училишниот двор, согласно големината, изгледот и зелените површини со кои што располага, ги задоволува потребите на учениците и на вработените во училиштето. Една половина од наставниците целосно се согласуваат, додека пак една четвртина не се согласуваат дека просторот во кој е сместена училишната библиотека ги нуди сите услови и е оптимално искористен и од учениците и наставниците. 37.5% од испитаниците делумно се согласуваат, а дури 35% не се согласуваат дека кабинетската настава во училиштето целосно ги исполнува условите за нејзино изведување и реализација на практичната настава и воннаставните активности. 45% од испитаните наставници не се согласуваат дека потрошниот материјал ги задоволува реалните потреби во училиштето (креди, хартија, хамери итн.), како и дека нагледните средства ги задоволуваат реалните потреби во училиштето (географски и историски карти, микроскопи и други наставни средства и помагала). Од испитаниците, 45% делумно се согласуваат, а 25% не се согласуваат дека за реализација на онлајн наставата за време на пандемијата, се обезбеди и непречено се користеше ИКТ опрема. Над 80% од испитанците се согласуваат дека стручните соработници континуирано работат со учениците, наставниот персонал и родителите. 85% од испитаниците се согласуваат дека согласно детектираните потреби, училиштето има програма за професионален и кариерен развој и вложува во јакнењето на вештините и способностите кај вработените.<br><br>б. Резултати од спроведените прашалници за родители<br><br>Од испитаните родители, 56.4% одговориле дека се согласуваат, а 15.4% дека не се согласуваат дека училишниот простор е |

оптимално искористен и во него има пријатни просторни услови за непречено одвивање на наставата. Над 70% од испитаните родители се согласуваат, а дури 20.5% не се согласуваат дека големината на училниците, вклучувајќи ја и салата за физичко образование, соодветствува на бројот на учениците во паралелките. 82% од испитаните родители се согласуваат, а 15.4% не се согласуваат дека училишниот двор, согласно големината, изгледот и зелените површини со кои што располага, ги задоволува потребите на учениците и на вработените во училиштето. Дури 35.9% од родителите не се запознаени дали просторот во кој е сместена училишната библиотека ги нуди сите услови и е оптимално искористен и од учениците и наставниците, додека пак над 55% се согласуваат. 38.5% од испитаниците делумно се согласуваат, а 15.4% не се согласуваат дека кабинетската настава во училиштето целосно ги исполнува условите за нејзино изведување и реализација на практичната настава и воннаставните активности. 38.5% од испитаните родители не се согласуваат, а 15.4% не се запознаени дали потрошниот материјал ги задоволува реалните потреби во училиштето (креди, хартија, хамери итн.). Една третина од родителите одговориле дека не се согласуваат, а 28.2% дека не се запознаени дали нагледните средства ги задоволуваат реалните потреби во училиштето (географски и историски карти, микроскопи и други наставни средства и помагала). Од испитаниците, 46.2% делумно се согласуваат, а 25.6% не се согласуваат дека за реализација на онлајн наставата за време на пандемијата, се обезбеди и непречено се користеше ИКТ опрема. Половина од испитаниците се согласуваат, останатите или не се согласуваат или не се запознаени дали стручните соработници (педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор и библиотекар) континуирано работат со учениците, наставниот персонал и родителите. 38.5% од испитаниците не се запознаени, а 17.9% не се согласуваат дека согласно детектираните потреби, училиштето има програма за професионален и кариерен развој.

в. Резултати од спроведените прашалници за ученици

Од испитаните ученици, над 80% одговориле дека се согласуваат, а 16.1% дека не се согласуваат дека училишниот простор е оптимално искористен и во него има пријатни просторни услови за непречено одвивање на наставата. Над 80% од испитаните ученици се согласуваат, а дури 16.1% не се согласуваат дека големината на училниците, вклучувајќи ја и салата за физичко образование, соодветствува на бројот на учениците во паралелките. Скоро 90% од испитаните ученици се согласуваат, а 12.9% не се согласуваат дека училишниот двор, согласно големината, изгледот и зелените површини со кои што располага, ги задоволува потребите на учениците и на вработените во училиштето. Дури 32.3% од учениците не се запознаени дали просторот во кој е сместена училишната библиотека ги нуди сите услови и е оптимално искористен и од учениците и наставниците, додека пак над 55% се согласуваат. Скоро 55% од испитаниците се согласуваат, а 19.4% не се согласуваат дека кабинетската настава во училиштето целосно ги исполнува условите за нејзино изведување и реализација на практичната настава и воннаставните активности. 25.8% од испитаните ученици не се согласуваат, а приближно 70% се согласуваат дека потрошниот материјал ги задоволува реалните потреби во училиштето. Третина од учениците одговориле дека не се согласуваат, а над 50% дека се согласуваат дека нагледните средства ги задоволуваат реалните потреби во

училиштето (географски и историски карти, микроскопи и други наставни средства и помагала). 45.2% делумно се согласуваат, а 19.4% не се согласуваат дека за реализација на онлајн наставата за време на пандемијата, се обезбеди и непречено се користеше ИКТ опрема. Над 60% од испитаниците се согласуваат, 19.4% не се согласуваат, а 19.4% не се запознаени дали стручните соработници континуирано работат со учениците, наставниот персонал и родителите. 29% од испитаниците не се запознаени, а скоро 70% се согласуваат дека согласно детектираните потреби, училиштето има програма за професионален и кариерен развој.

**Анализа на резултатите - определување клучни силни и слаби страни, како планирање на идни активности**

**Клучни силни страни на училиштето според резултатите на самоевалвацијата:**

- Училишниот двор, согласно големината, изгледот и зелените површини со кои што располага, ги задоволува потребите на учениците и на вработените во училиштето.
- Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.
- Библиотечниот лектирен фонд и постоечката стручна литература во училиштето се на задоволително ниво.
- Финансиските активности и финансиската состојба на училиштето се во рамките на законските прописи.
- Училиштето има програма за професионален и кариерен развој на наставниците и вложува во јакнењето на вештините и способностите кај вработените.

**Слаби страни на училиштето според резултатите на самоевалвацијата:**

- Големината на училниците и фискултурната сала не соодветствува на бројот на учениците во паралелките.
- Просторот во кој е сместена училишната библиотека не ги нуди потребните услови и не е оптимално искористен од учениците и наставниците.
- Кабинетската настава во училиштето не ги исполнува во целост потребните услови за реализација на современа практична настава и воннаставни активности.
- Нагледните средства и потрошниот материјал не ги задоволува целосно реалните потреби во училиштето.
- Недостаток на функционална ИКТ опрема и целосно соодветни услови во сите училници за нејзино непречено користење.

**Идни активности во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:**

- Подобрување на просторните услови за одвивање на наставата и за организирање воннаставни активности.
- Обезбедување на ИКТ опрема и подобрување на условите за нејзино непречено користење.
- Континуирана набавка на потрошен материјал за успешна реализација на активностите во наставниот процес.
- Обезбедување на поголем број наставни нагледни средства и помагала заради осовременување на наставата.

**Подрачје 7: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА**

| **Бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| 7.1 | Управување и раководење со училиштето | ● Управување со училиштето<br>● Раководење на училиштето |
| 7.2 | Креирање на училишната политика | ● Јасност и соодветност на мисијата и визијата<br>● Процедури за креирање на училишната политика<br>● Резултати од развојното планирање |

| Обработка на податоци | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Заклучоци од анализата на податоците** |
| 7.1<br><br>Програма и деловник за работа на училишниот одбор; статут на училиштето; финансиски план, записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни); записници од ученички парламент; самоевалуација, план/програма за развој на училиштето; програма за работа на директорот; програма за професионалниот развој на директорот; прашалници за наставници, родители и ученици. | Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и статутот на училиштето. Работата на Училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на Училишниот одбор. Во деловникот за работа е пропишано задолжително присуство на најмалку по еден претставник од структурите предвидени со Законите за основно и средно образование во Училишен одбор (освен во случаи на најавено отсуство). Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со деловникот за работа на училишен одбор. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училиштето обезбедува обука за членовите на училишниот одбор заради успешно извршување на улогата на управување. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на учи- лиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето; донесува одговорни одлуки; има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој; успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем; се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план/програма, редовно се самоевалуира, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето; воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница, вклучувајќи партнерства со други училишта за |

| | |
|---|---|
| | реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието. Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Раководниот орган на училиштето е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста, меѓуетничката интеграција во образованието и младинско учество. |
| 7.2<br><br>Годишна програма за работа на училиштето; самоевалуација, развоен план/програма на училиштето; анкетни прашалници; записници од Училишниот одбор, Советот на родители, Наставничкиот совет; план за професионален развој; финансиски план на училиштето. | Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција,, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици. Вработените добро ги познаваат и разбираат мисијата и визијата, а останатите чинители се запознаени со нив. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти да работат на остварување на мисијата и визијата. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата. Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики. Училиштето има акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите и тој план го реализира. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. |

| **Собирање на податоци преку спроведување прашалници за наставници, родители и ученици** |
|---|
| а. Резултати од спроведените прашалници за наставници<br><br>Од испитаните наставници, над 95% се согласуваат дека училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на училиштето и при тоа се води сметка за родовата и етничката структура на членовите на Училишниот одбор. Од испитаниците, 50% одговориле дека целосно се согласуваат, додека пак 33.3% дека делумно се согласуваат дека Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.Скоро сите наставници се согласуваат дека раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ги промовира |

добрите практики што постојат во училиштето, како и дека е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста и меѓуетничката интеграција.Скоро 100% од испитаниците се согласуваат дека мисијата и визијата на училиштето се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, како и дека во училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики што континуирано се подобруваат. 52.4% од испитаниците делумно се согласуваат дека вработените, структурите во училиштето, учениците и останатите чинители активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките, како и во активностите за нивното остварување. Скоро сите наставници се согласуваат дека училиштето има акциски планови за остварување на поставените цели, план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите и тој план го реализира, како и дека училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите (во согласност со мисијата, визијата и вредностите на училиштето) што треба да се постигнат и за динамиката на нивната реализација.

б. Резултати од спроведените прашалници за родители

Од испитаните родители, над 95% се согласуваат дека Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на училиштето и при тоа се води сметка за родовата и етничката структура на членовите на Училишниот одбор. Од испитаниците, 61.3% одговориле дека целосно се согласуваат, додека пак 12.9% дека не се запознаени со тоа дали Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. Од испитаните родители, 41.9% целосно се согласуваат, 16.1% не се согласуваат, а 16.1% не се запознаени дали раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ги промовира добрите практики што постојат во училиштето. Над 70% се согласуваат, а 25.8% од родителите одговориле дека не знаат дали раководниот орган е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста и меѓуетничката интеграција. Над 70% од испитаниците се согласуваат, а 19.4% не се запознаени дали мисијата и визијата на училиштето се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, како и дека во училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики што континуирано се подобруваат. 35.5% од испитаниците целосно се согласуваат, 35.5% делумно, а 12.9% не се согласуваат дека вработените, структурите во училиштето, учениците и останатите чинители активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките, како и во активностите за нивното остварување. Над 35% од родителите не се запознаени со тоа дали училиштето има акциски планови за остварување на поставените цели, план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите и тој план го реализира, како и дека училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите (во согласност со мисијата, визијата и вредностите на училиштето) што треба да се постигнат и за динамиката на нивната реализација.

в. Резултати од спроведените прашалници за ученици

Од испитаните ученици, 33.3% целосно се согласуваат, 40% делумно, а 16.7% не се запознаени дали директорот и стручните соработници ги мотивираат наставниците да се подобруваат во работата. Над 60% од испитаниците се согласуваат, 13.3% не се согласуваат, а 23.3% не се запознаени дали директорот и стручните соработници се трудат да има инклузивност и меѓуетничка толеранција. Скоро сите од испитаните ученици одговориле дека наставниците работат тимски. Една четвртина од испитаниците се согласуваат, а една четвртина не се запознаени дали училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики и кодекси за однесување што постојано се подобруваат. 50% од учениците делумно се согласуваат дека вработените во училиштето и учениците заеднички работат за да ги подобрат условите за работа во училиштето, додека пак 10% не се согласуваат. Над 80% од учениците се изјасниле дека училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат во училиштето.

**Анализа на резултатите - определување клучни силни и слаби страни, како планирање на идни активности**

**Клучни силни страни на училиштето според резултатите на самоевалвацијата:**

- Раководниот орган е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста и меѓуетничката интеграција.
- Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на училиштето и при тоа се води сметка за родовата и етничката структура на членовите на Училишниот одбор.
- Мисијата и визијата на училиштето се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, како и дека во училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики што континуирано се подобруваат.
- Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат во училиштето.

**Слаби страни на училиштето според резултатите на самоевалвацијата:**

- Објективното оценување на работењето на вработените од страна на раководниот орган, вреднувањето на нивниот придонес во тимската работа и промовирањето на добрите практики што постојат во училиштето не е доволно транспарентен за јавноста, односно за родителите и учениците.

**Идни активности во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:**

- Потранспарентно промовирање на добрите практики што постојат во училиштето кај родителите и во медиумите.